Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 09-394/7
17.10 2025 год.
Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Врз основа на член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25) и член 96 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.7/2019) Градоначалникот на Општина Новаци ја донесе следната:

ОДЛУКА

За организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна Анкета по Урбанистички план за село Будимирци, Општина Новаци за плански период 2021-2031 година.

1.Со оваа Одлука се организира повторена Јавна презентација и Јавна Анкета **по Урбанистички план за село Будимирци, Општина Новаци за плански период 2021-2031 година.**

2.Претходно се спроведува Јавен повик за спроведување на повторена Јавна презентација и Јавна анкета кој ќе трае најмалку 15 денови започнувајќи од **17,10,2025г и истиот ќе трае до 31,10,2025** година.

3.Јавниот повик заедно со Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета ќе бидат објавени на веб страната на Општина Новаци,огласна табла на општината, информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат.

4.Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни денови од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од **01,11.2025 година до 14,11,2025 година,** а Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **07,11,2025 година (петок)** во 12,00ч во просториите на Општина Новаци-сала на Советот на Општина Новаци.

5.Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот во горенаведениот рок да достават забелешки, предлози и мислења преку анкетни листови во општинската администрација, а истите можат да ги подигнат од Општина Новаци.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донсувањето

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски